СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# САШКО КОМНЕНОВИЌ

за Чучер Сандево



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„Треба да продолжиме со подобрување на инфраструктурата, да создадеме почиста средина и повеќе можности за сите што сакаат да останат, да живеат и да градат иднина тука, дома“

**Драги сограѓани,**

Пред четири години застанав пред вас со едно едноставно, но искрено ветување – дека ќе бидам достапен, чесен и посветен. И денес, повторно ви се обраќам – со чист образ и со истото срце.

Сè што направивме – секој пат асфалтиран, секој проект што го почнавме, секое село што го посетив – беше дел од едно заедничко патување. Не мое, туку наше. За подобра Општина Чучер-Сандево.

Не ветував чуда. Ветив работа. И работевме. Без разлика кој од каде е, која партија поддржува или што верува – секој човек ми беше важен. Сакав сите да се чувствуваат слушнати, видени, вклучени. И така ќе продолжиме.

Знам, живееме во време кога многумина се разочарани од политиката – и не им се лутам. Но токму затоа верувам дека локалната власт треба да биде најблиску до човекот. До неговите вистински проблеми – но и до неговите соништа. Сакам општина каде што вратата секогаш е отворена, каде што нема „наш" и „нивни„ – туку само едно „ние".

Имаме уште многу работа. Мораме да им понудиме повеќе на младите – вистински причини да останат тука. Треба да продолжиме со подобрување на инфраструктурата, да создадеме почиста средина и повеќе можности за сите што сакаат да останат, да живеат и да градат иднина тука, дома.

Затоа ја барам вашата доверба – не за мене, туку за тоа што го почнавме заедно. За сето она што уште треба да го изградиме.

Ви благодарам за сè – и за поддршката и за критиките. Тие ме направија не само подобар градоначалник – туку, најважно од сè, подобар човек.

Со почит и благодарност,

**Сашко Комненовиќ**

кандидат за градоначалник на Општина Чучер-Сандево

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Чучер Сандево

Почитувани сограѓани,
Одговорноста што ја презедовме пред вас не е само изборна обврска – тоа е наша заедничка мисија. Наша задача е да го водиме Чучер-Сандево напред, со јасна визија, силна политичка волја и со конкретни дела, а не со празни зборови. Градоначалникот од редовите на СДСМ, заедно со нашата советничка група, предлага Програма за развој, која претставува јасен план за модерна, функционална и еднаква општина – за секое село, за секоја улица, за секој човек. Програмата содржи проекти коишто не се само на хартија. Станува збор за реални, приоритетни инвестиции:

- Реконструкција на патишта и улична инфраструктура,
- Подобрување на водоводот и канализацијата,
- Вложување во училишта, детски градинки и спортски капацитети,
- Поддршка за младите, земјоделците и сите оние кои живеат од трудот на своите раце.

Со оваа програма сакаме да направиме пресврт – од запоставена кон развиена, од поделена кон обединета општина.
Затоа ви се обраќаме отворено и одговорно:
Денес, повеќе од кога било, ни треба поддршка. Ни треба гласот на разумот и визијата за заедничко утре.
Стоиме цврсто зад интересите на граѓаните.
Стоиме цврсто зад оваа програма.
И ќе ја спроведеме – за Чучер-Сандево, за вас, за иднината.

1. Градимир Колјевиќ
2. Мишо Трајановски
3. Светлана Шолиевска
4. Мирослав Џепиќ
5. Ивана Шегмановиќ
6. Ненад Ацковиќ
7. Стојка Стојановиќ – Бошковиќ
8. Предраг Радосавлјевиќ
9. Дарко Пијаковски
10. Моника Црничина
11. Викторија Мазневска

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

## 1. Сообраќајна и комунална инфраструктура

### Водовод:

- Ископ на бунари во с. Кучевиште и во с. Бањани, со што е решен проблемот со водоснабдувањето во Кучевиште, Бањани, Чучер, Сандево и Горњани.
- Поставени современи пумпи за водоснабдување во Побожје.
- Изградена водоводна мрежа во Бел Камен.

### Канализација:

- Изградена канализација во Глуво, Бразда, Побожје, Кучевиште и Мирковци.
- Во тек е изградба на фекална мрежа во Кучевишка Бара и Бел Камен, како и пречистителна станица во Кучевачка Бара.
- Изграден одводен цевковод кај чешма Бродец.
- Канализациска мрежа во ООУ „Александар Урдаревски".

### Патишта:

- Асфалтирање на пет улици во Бањани.
- Асфалтирање на локален пат што го поврзува Мирковци со Бањани.
- Асфалтирање на регионален пат од Кучевиште преку Побожје, Бродец до Танушевци.
- Асфалтирање улици во внатрешноста на Побожје.
- Асфалтирање на дел од улица „Александар Урдаревски", а во тек е реализација на другите 450 метри, со што, како што ветивме, од Бутел до Рудник Бањани старата коцка ќе биде заменета со асфалт.
- Асфалтирање улици во Горно Блаце.

### Опрема:

- Набавка на ровокопач со мулчер за потребите на ЈКП.
- Набавка на специјално возило за собирање смет за потребите на ЈКП.
- Добиена донација – комбе за потребите на ЈКП.
- Машина за одржување зелени површини за училиште и градинка.
- Поставување автобуска постојка;
- Санација на мостовски банкини;
- Обележување на пешачки премини;
- Осветлување на сите улици низ општината;
- Изработка на монтажни трибини – Културен дом „Сандево" и ООУ „Кирил и Методиј".

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!



- Со години Општина Чучер-Сандево беше заробена од луѓе што не ја гледаа функцијата како обврска кон народот, туку како средство за остварување лични и бизнис-интереси. Водени од тесен круг со свои цели, општината беше затворена, нетранспарентна и отсечена од потребите на жителите.
- Во тој период ниту еден стратегиски проект не беше реализиран. Селата беа запоставени, инфраструктурата во распаѓање, а гласот на граѓаните едноставно не се слушаше. Институциите беа претворени во тврдини – влезот во општината беше „по препорака", а не по право. Се ветуваше многу, но малку се реализираше. Не постоеја механизми за отчетност, ниту желба да се создаде општина по мерка на граѓанинот. Развојот беше случаен, без план, без визија, и најчесто – без резултати.
- Денес работите се сменети. Чучер-Сандево повеќе не е ничиј приватен имот. Општината им припаѓа на граѓаните – секој е добредојден, секој има право на информација, секој има каде да се обрати. Тоа е разликата што ја направивме.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам повторно затоа што чувствувам обврска – не политичка, туку човечка. Обврска пред луѓето што ми дадоа доверба да го смениме начинот на водење на општината. Во овие четири години покажавме дека Чучер-Сандево може поинаку – отворено, чесно, достапно. Мотивот ми е едноставен – да го довршиме она што го почнавме, но и секако се раѓаат нови потреби а со тоа ние се задолжуваме со нови идеи и нови проекти. Да не дозволиме некој повторно да ја врати општината во темнината, затворена за народот.

Имаме едноставна цел не приватна или лична општина, туку општина на народот.

Се кандидирам повторно затоа што пред се јас како граѓанин а и сите останати граѓани во ниту еден случај не смееме а и

нема да дозволиме на политичката сцена во локалната самоуправа на Чучер Сандево повторно да се вратат истите глумци кои мешетареа со народниот буџет, користејќи го истиот за свои лични потреби, а глумците на нас ни се добро познати во улогите на еден како долгогодишен градоначалник, а другиот како долгогодишен советник во општината.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој? Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Без визија, секој проект е само ќор-сокак. Визијата е она што ги врзува сите мали и големи чекори во една смислена целина. За мене, визијата не е само асфалт и бехатон – визија е општина каде што детето оди во модерно училиште, каде што на бабата има кој да ѝ помогне, каде што млад човек гледа иднина. Да, локалната визија мора да биде дел од поголема слика – ние сме дел од едно општество, и нашата обврска е да бидеме пример, а не исклучок.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Инфраструктурата е основа, но не е доволна. Во следниот мандат мора да влеземе посилно во три клучни области: локален економски развој, услуги за младите и семејствата и одржлива животна средина. Сакам општината да биде повеќе од административен центар – сакам да биде жив простор за идеи, за развој, за опстанок. Промената не доаѓа само со градење, туку со слушање, планирање и постојано вложување во луѓето.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се и сегашност и иднина. Ако заминат тие, ќе останат само спомени и празни куќи. Затоа вложуваме во училишта, во спорт, во култура – но во следниот мандат ќе одиме подлабоко: програми за млади претприемачи, дигитални вештини, локални стимулации за останување. Не ги гледам младите како „проблем за решавање", туку како партнери во иднината.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста почнува од основно чувство на ред, хигиена и социјален мир. Секое куче скитник, секоја неосветлена улица, секој небезбеден премин – тоа е реална грижа за

некого. Работиме на физичка безбедност, но исто така и на социјална сигурност – преку поддршка за ранливите категории, јакнење на службите и зголемување на присуството на комунални и сообраќајни служби. Ќе продолжиме во таа насока, но со уште посилен теренски пристап.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Да, апсолутно. Во рурална општина како нашата, мобилноста значи поврзаност меѓу села, но и пристап до услуги. Ќе продолжиме со асфалтирање и со подобрување на патиштата, но планирањето ќе биде со визија – каде ни се потребни јавни простори, каде има ризик од уништување на природа, каде можеме да создаваме мали локални центри. Урбанизмот не смее да биде хаотичен, туку хуман.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени – напротив, можеме и треба да се бориме за поинаква реалност. Иако многу општини се справуваат со сериозни проблеми со загадување, ние во Чучер-Сандево можеме со гордост да кажеме дека живееме во општина со чист воздух и без индустриски загадувачи. Тоа е огромна предност што мораме да ја зачуваме.

Во нашиот мандат расчистивме голем број диви депонии, вложивме во опрема за комуналното претпријатие и воведовме ред во одржувањето на јавната хигиена. Но чистотата не е нешто што се одржува само со механизација – туку и со свест, со едукација и со заедничка одговорност. Затоа во следниот период ќе предложиме програми за селектирање отпад, засилена екоедукација и уште поголема заштита на природните ресурси. Чистиот воздух нека ни биде идентитет – а не случајност.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво. Дали може да се поврати?**

Да, може – со работа, со отчетност и со искрена комуникација. Ние не ветувавме невозможни работи. Ги кажувавме работите директно, со вистина, и тоа луѓето го почитуваат. Го објавувавме буџетот, правевме јавни повици, одговаравме на секоја порака. Тоа е патот – да покажеме дека општината е сервис, не бункер. И секојпат кога граѓанинот ќе добие одговор или помош – тоа е победа против недовербата.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме?**

Нема иднина без народ. И тоа не е само статистика – тоа се синови, ќерки, внуци, пријатели што веќе ги нема. За да ги



задржиме, мора да понудиме реална причина: пристоен живот, работа, грижа. Со новата детска градинка, со игралишта, со уредени улици, со модерни училишта – испраќаме порака: тука вреди да се остане. Ќе продолжиме во таа насока – и ќе бидеме уште поагресивни во барање фондови и инвеститори што ќе донесат економска стабилност.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? По што се разликувате?**

Затоа што не ги гледам како гласачи – туку како луѓе. Не сум совршен, но сум искрен. Работев домаќински, не се криев, не избегнував одговорност. Јас не сум тука да ги делам луѓето, туку да ги спојувам. Оваа општина за првпат стана општина за сите – и така треба да остане. Тоа е мојата најголема победа досега. Сега барам поддршка да го довршам тоа што го почнавме – заедно.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Во Чучер-Сандево состојбите не ги менуваме со зборови, туку со дела – чекор по чекор, заедно со граѓаните. Како селска општина, не се соочуваме со урбани кризи како што е загадување од индустрија или пренатрупаност, но имаме свои предизвици – поврзаност меѓу селата, пристап до услуги, можности за младите и поддршка за оние што имаат најмалку. Нашиот пристап е човечки, домаќински и системски. Секоја одлука ја носиме со свест дека зад неа стојат вистински луѓе – ученици, родители, пензионери, земјоделци. Токму затоа, нашите политики се темелат врз следниве приоритети:

## Младите во фокусот

- Продолжуваме со вложувања во училиштата и дигитализација на наставата.
- Поддршка за младински иницијативи, спортски клубови и културни проекти.
- Програми за младинско вработување, едукација и волонтеризам.
- Директен канал за комуникација меѓу младите и општината – нивниот глас ќе се слуша.





## Семејствата и социјалната сигурност

- Проширување на програмата „Помош и нега во домот“ за стари лица.
- Дополнителни финансиски и логистички пакети за семејства во социјален ризик.
- Донации за училиштен прибор, зимска облека и бесплатни екскурзии за деца.
- Зголемен капацитет и поддршка за градинката „Мило мое“.

Напомена: За едно дете, родителот плаќа само престој во износ од 1.490 денари, а сите други трошоци – материјали за работа, хигиенски пакет, екскурзии и посети – се на товар на буџетот на Општината.

## Жените и економската вклученост

- Советодавна поддршка и обуки за женско претприемаштво.
- Поддршка за женски иницијативи во културата и едукацијата.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Пензионерите

- Целосна поддршка на пензионерското здружение.
- Поддршка за пензионерските спортски игри и дружења.
- Организација на предавања, здравствени прегледи и работилници за активно стареење.
- Контрола, евиденција и рано откривање здравствени проблеми.

## Животната средина

- Гордост што сме општина без индустриски загадувачи, со чист воздух и природна убавина.
- Продолжување со отстранување на дивите депонии и садење зеленило.
- Воведување систем за селекција на отпад во училиштата и јавните институции.
- Поттикнување екоиницијативи кај младите и граѓанските здруженија.
- Расчистување и одржување на речните корита.





## Локален развој и дигитализација

- Поддршка за локални мали бизниси, особено во земјоделството и туризмот.
- Воспоставување платформи за електронски услуги за побрзо и поефикасно опслужување.
- Поголема транспарентност со јавен увид во буџет, проекти и тендери.
- Развој на интерактивна мобилна апликација за комуникација со жителите.

**„Не ветуваме сè, туку ветуваме дека ќе слушаме, ќе работиме и ќе бидеме тука.“**

За младите што сакаат да останат.

За постарите што сакаат достоинство.

За секој поединец што сака фер и топла општина.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изработка на урбанистички проект

Капиталниот проект за изработка на урбанистички проект во Општина Чучер-Сандево претставува клучен чекор кон организиран и одржлив просторен развој на овој регион. Проектот има цел да обезбеди детално планирање на земјиштето, вклучувајќи распределба на намените за градба, инфраструктурни елементи, зелените површини и јавните простори. Со оваа иницијатива се овозможува хармонизирано уредување на населените места, подобрување на условите за живеење и одржување на природните ресурси. Урбанистичкиот проект се базира врз анализа на постојните состојби, законските прописи и потребите на локалната заедница, со вклучување јавни консултации. Овој капитален проект е темел за идниот развој на општината, овозможувајќи развој на инфраструктурата и креирање квалитетна и функционална животна средина за жителите на Чучер-Сандево.



**Влијание на проектот:**
Граѓаните ќе бидат ослободени од дополнителни трошоци за урбанизација на имотот.

**Целна група:**
Сите граѓани на Општина Чучер Сандево

**Рок на реализација**
2 години

## Пречистителна станица во село Побожје



Капиталниот проект за изградба на пречистителна станица во село Побожје претставува значајна инвестиција во локалната инфраструктура и заштитата на животната средина. Проектот опфаќа дизајн, изградба и опремување на современа станица за пречистување на отпадните води, со цел да се обезбеди ефикасен третман на комуналните отпадни води од селото и околните населби. Пречистителната станица користи напредни биолошки и механички технологии за отстранување на органските материи, суспендирани честички и други загадувачи, со што се намалува влијанието врз почвата и водните екосистеми. Овој капитален проект е клучен за подобрување на хигиенските и санитарни услови, заштита на здравјето на жителите и одржлив развој на регионот. Преку имплементација на автоматизирани системи за контрола и мониторинг, проектот гарантира сигурна и континуирана работа на пречистителната станица. Оваа инвестиција ја зголемува инфраструктурната вредност на населбата и ја поддржува визијата за чиста и здрава животна средина.

**Влијание на проектот:**

Зачувување на животната средина.

**Целна група:**

Граѓаните на населено место Побожје

**Рок на реализација**

2 години

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Асфалтирање на локалните патишта во селата Брест, Малино и Танушевци



Проектот за асфалтирање на локалните патишта во селата Брест, Малино и Танушевци е значајна инвестиција насочена кон подобрување на патната инфраструктура и условите за безбедно и комфорно движење на жителите. Со овој проект се предвидува санација и поставување нов асфалт на постојните патни правци што поврзуваат домаќинства, земјоделски површини и јавни објекти. Асфалтирањето ќе овозможи полесен пристап до основни услуги, економски развој и побрза поврзаност со централните региони. Дополнително, ќе се намали правот и оштетувањата предизвикани од лошите временски услови, што ќе придонесе за поквалитетен живот и поголема безбедност во сообраќајот. Овој капитален проект ги поддржува локалните заедници во нивниот стремеж кон подобра инфраструктура и развој.

**Влијание на проектот:**
Брз, сигурен и ефикасен сообраќај, заживување на населените места и подобро искористување на природните убавини и ресурси.

**Целна група:**
Сите граѓани на Брест, Малино и Танушевци.

**Рок на реализација**
4 години



## Намалување на загубите на вода

Со инсталација на мониторинг-систем, набавка и замена на водомери со далечинско отчитување и системско детектирање дефекти за потребите на ЈКП.

**Влијание на проектот:**
Со инсталација на водомери со мониторинг-систем, читањето ќе се врши од возило со вграден систем. Мониторинг-центарот во ЈКП ќе може веднаш да алармира потрошувач за губење вода и да овозможи намалување на притисокот доколку сметката не е платена – со што ќе се обезбеди вода само за пиење до решавање на проблемот.

**Целна група:**
Сите граѓани на општината

**Рок на реализација**
4 години

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## МИРКОВЦИ

1. Изградба и реконструкција на пат во с. Мирковци, од чешмата во селото до Рудник „Бањани“.
2. Изградба на два кружни тека на ул. Александар Урдаревски: крстосницата Чардак и крстосницата пред полициската станица Мирковци.
3. Реконструкција на водоводната мрежа.
4. Асфалтирање на локален пат од Рудник „Бањани“ до место викано Сливович.
5. Пробивање и асфалтирање на улица од автобуската во Горно Мирковци до патот кон Четири Воденички.
6. Изградба на повеќенаменски затворен базен во склоп на ООУ „Александар Урдаревски“ и ЈОУДГ „Мило мое“, поврзан со топли врски со двата објекта.

## КУЧЕВИШТЕ

1. Изградба на уште една детска градинка (клон на ЈОУДГ „Мило мое“).
2. Реконструкција на локален пат од с. Кучевиште до манастир „Св. Архангел“.
3. Изградба на мултифункционално игралиште со сите потребни елементи за тренинг-центар.
4. Ископ на бунар и поставување водоводна пумпа.
5. Асфалтирање на локален пат од црквата „Св. Спас“ до мостот кон манастир „Св. Архангел“.
6. Изградба на фекална канализација на ул. 6.
7. Реновирање на внатрешниот простор во ОУ „Кирил и Методиј“.
8. Проширување на мостот во соработка со државните институции.
9. Довршување на реконструкција и асфалтирање на локален пат од Кучевиште до Кучевачка Бара (до последна автобуска постојка бр. 59).

## ПОБОЖЈЕ

1. Изградба на пречистителна станица за отпадни води.
2. Хортикултурно уредување на потегот од претпоследна автобуска станица „61“ до месната заедница.
3. Изградба на канализациска мрежа од аптеката во с. Кучевиште до крстосницата кон викенд-населба Побожје.
4. Расчистување на речното корито.
5. Реконструкција и изградба на локални патишта во викенд-населбата.

## БАЊАНИ

1. Реконструкција на локален пат од с. Бањани до манастир „Св. Илија“.
2. Изградба на брана кај манастирот „Св. Илија“.
3. Санација и приспособување на теренот за атмосферски води на м.в. Чука.
4. Изградба на локален пат од Рудник „Бањани“ до селото Бањани.
5. Расчистување на коритото на Бањанска Река.

## ГОРЊАНИ

1. Изградба на бунар и поставување водоводна пумпа.
2. Реконструкција на месната заедница.
3. Реконструкција на стариот пат од с. Горњани до с. Бањани.
4. Изградба на фекална и водоводна мрежа.
   - Асфалтирање улици

## ЧУЧЕР

1. Изградба на бунар и поставување водоводна пумпа.
2. Доградба на фекална канализација на улицата од автобуската постројка до црквата „Св. Троица“.
3. Санација и расчистување на речното корито од мостот во с. Сандево до с. Бањани.
4. Изградба на детско фудбалско игралиште во с. Сандево.
5. Асфалтирање на ул. 6.
6. Изградба на пензионерски дом.

## БРАЗДА

1. Изградба на паркинг-плац во близина на новата црква „Св. Спас“.
2. Проширување на мостот во соработка со државните институции.
3. Асфалтирање на локален пат од пречистителна станица до „Евтинија импекс“, со што се поврзува с. Бразда со индустриската зона.
4. Обнова и реконструкција на месната заедница.
5. Два бунара покрај реката Лепенец, со изградба на резервоар и цевководна мрежа низ полето за обновување на модерното земјоделство.
6. Расчистување на речното корито.

## ГЛУВО

1. Изградба на фекална канализација.

2. Изградба на спортски комплекс до постојното мултифункционално игралиште.
3. Изградба на метална конструкција со панели на веќе постојното игралиште.
4. Расчистување на речното корито.
5. Изградба на отворен фитнес-парк (отворен терен за вежбање со шипки)
6. Изградба на сообраќаен детски полигон.

## ГОЛИОВО

1. Изградба на бунар, резервоар и поставување водоводна пумпа.
2. Реконструкција и асфалтирање на улиците низ населеното место.

## БЛАЦЕ

1. Реконструкција на постојната водоводна мрежа и резервоар.
2. Реконструкција на локален пат од с. Блаце до с. Горњани.
   Обнова на уличното осветлување.

## ДОЛНО БЛАЦЕ

1. Изградба и оградување на двор на подрачното основно училиште „Михаљ Грамено“.
2. Изградба на спортски комплекс во дворното место на училиштето.
3. Обнова на уличното осветлување

## ТАНУШЕВЦИ

4. Реконструкција на подрачното ОУ „Михаљ Грамено“.
5. Асфалтирање на улиците.

## МАЛИНО

1. Асфалтирање на локалниот пат што води до селото.
2. Санација на патиштата низ населеното место.
3. Реконструкција на подрачното ОУ „Михаљ Грамено“.

## БРЕСТ

1. Реконструкција на основното училиште ОУ „Михаљ Грамено“.
2. Асфалтирање на локалниот пат што води до селото.

## КУЧЕВИШКА БАРА и БЕЛ КАМЕН

1. Довршување на веќе започнати проекти: канализациска мрежа, асфалтирање и изградба на пречистителна станица.
2. Изградба на мултифункционално спортско игралиште во Кучевишка Бара.
3. Организирано собирање смет од јавното комунално претпријатие на општината.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА